Генерално, поединците кои консумираат повеќе информации од различни извори се повеќе изложени на говор на омраза. Поточно, луѓето кои се поактивни на социјалните мрежи и имаат повеќе виртуелни пријатели (Hawdon et. al., 2017) се уште повеќе изложени на материјали

што содржат говор на омраза, и уште повеќе се жртви на истиот феномен (Oksanen et al., 2014; Winiewski et al., 2017), како и тоа да во повисок степен перцепираат социјален страв (Oksanen et al., 2018). Содржината на говорот на омраза на социјалните мрежи најмногу се изразува во делот на коментарите од граѓаните на страницата на лидерите на политичките партии и вестите во медиумите (Meza et al., 2018). Според авторите, коментарите со содржина на говор на омраза се главно во постови со теми кои содржат антагонистички говори за одредени целни групи. Токму во овој дел, социјалните мрежи и коментари каде што е можно поединците да останат „непознати“ за читателот, го прават пслободно и почесто да презентираат материјал со содржина што поттикнува омраза. Претходните истражувања покажаа дека анонимноста влијае на однесувањето на поединецот. Анонимноста промовира антисоцијално однесување, поконкретно, изразување на негативни емоции преку интернет кон целната група (Wang, 2018). Содржината што поттикнува омраза и криминал претежно ја објавуваат анонимни лица и главно на расна основа (Mondal et al., 2017). Најчестите коментари што содржат говор на омраза се однесуваат на политички теми, во контекст на избори, јавни трошоци, корупција и кражби (Meza et al., 2018). Сепак, употребата и изложеноста на тоа се разликуваат во различни држави, како и од мерките што произлегуваат од законодавството. Расен говор на омраза најмногу се користи во САД (Mondal et al., 2017), а потоа во Финска, Германија и Велика Британија (Hawdon et al., 2017). Според авторите, строгите закони забрануваат употреба на овој феномен, за разлика од законите што обезбедуваат слобода на говор, имаат функција на чувар на интензитетот на употребата на говорот на омраза на социјалните мрежи.

Употребата и интензитетот на говорот на омраза варира во зависност од карактеристиките на корисниците, исто така, врз основа на полот, нивото на образование и симпатизирањето на политичките партии. Жените и луѓето со повисоко ниво на образование го сметаат говорот на омраза како понавредлив кон бегалците (Winiewski et al., 2017). Десничарските политички партии (Михајлов и сор. 2014), како и самите луѓе со десничарски политички погледи (Winiewski et al., 2017) користат повеќе говор на омраза и го доживуваат говорот на омраза како помалку

навредлив и помалку ја поддржуваат забраната за употреба на говорот на омраза кон малцинствата и бегалците.

**Методологија**

Целта на оваа студија е да се идентификува перцепцијата за присуството на говор на омраза за време на кампањата за парламентарните избори во 2020 година од страна на граѓаните на Република Северна Македонија.

*Учесници.* Од вкупниот број 641 учесник, 392 (61,15%) се Албанци и 249 (38,85%) Македонци. По пол, од вкупниот број на учесници, 394 се машки и 246 жени, додека според местото на живеење 411 (64,22%) од град и 229 (35,78%) од руралните средини, додека еден учесник не дал податоци за пол и место на живеење. Просечната возраст на испитаниците кои учествувале е 32, 10 години со стандардна девијација од 11,10 години, односно минималната возраст е 18 години а максималната возраст е 70 години. Бројот на учесници по изборни единици е прикажан на Графиконот 1.




***Графикон 1. Учесници според изборните единици***

*Инструмент.* Говорот на омраза за време на предизборната кампања за парламентарните избори во 2020 година се мери преку изјави составени за целите на оваа студија, кои се ориентирани кон тоа колку политичките партии ги обвинуваат политичките противници за предавство, национална/етничка катастрофа, на пр. „Опозициските партии се обвинети за неверство (предавство) на државата/нацијата. Учесниците беа замолени да наведат колку партиите се обвинуваат за одредени феномени на скала од 1 „Никогаш“ до 5 „Секогаш“. После секоја изјава,

учесниците имаа можност да обележат/опишат со еден збор/реченица формата на изразување на говорот на омраза вклучена во изјавата.
Субјектите кои изјавија дека забележале говор на омраза за време на изборната кампања имаа опции да изберат каде најчесто го перципираат говорот на омраза на пр. „портали", „дебатни емисии" и која е најчестата форма, на пр. „етнички", „партиски".
Социјалната дистанца се мереше преку скалата на Богардус, составена од пет тврдења. Учесниците за секоја изјава, на скала од 1 „воопшто не" до 4 „потполно" мораа да одговорат колку би сакале да имаат одреден контакт со надворешната група, на пр. „Би сакал да живеам со соседи Македонци / Албанци".
Ориентацијата за социјална доминација беше измерена преку осум тврдења. Учесниците наведоа колку се согласуваат со секоја изјава на скала од 1 „воопшто не" до 4 „потполно". (на пр. „Државата е совршена кога една етничка припадност е помоќна од другите етникуми ".)

**Реализација и етички критериуми**
Оваа студија беше спроведена за време на предизборната кампања на парламентарните избори во Северна Македонија од 1 до 13 јули 2020 година. Собирањето на податоците беше спроведено преку страницата на социјалната мрежа Фејсбук именувана како "Center for Peace - University of Tetova". Објавувањето на прашалникот на оваа страница е претставено на македонски јазик со наслов "*прашалник за перцепција на изборната кампања 2020*" и на албански јазик "*perceptimi i kampanjës zgjedhore/перцепција на изборната кампања*". Првично, прашалникот беше заеднички, односно на истиот линк беше опцијата за избор на албански/македонски јазик за пополнување на прашалникот. Но, по една недела, очигледно беше слаботото пополнување на прашалникот на македонски јазик. Во продолжение, прашалникот беше објавен само на македонски јазик, по кој чин, интересот беше поголем за македонските учесници да го пополнат прашалникот.
Прашалникот беше спонзориран со максимални капацитети со правилно избирање на изборните единици и градовите, во согласност со методологијата за земање примероци и беше случајно прикажан на доделениот примерок. За уште пошироко покривање, прашалникот се

појави и на други социјални мрежи и портали во рамките на разни случајни вести.

За време на фазата на пополнување на податоците, работниот тим континуирано одговараше на електронската комуникација за разни нејаснотии, давајќи им соодветни упатства.

Учесниците беа прецизно информирани за етичките критериуми на студијата, одржувајќи ја анонимноста и целта на студијата. Сите учесници добија јасни упатства за пополнување и доставија изјава за согласност за доброволно учество.

Објавувањето на прашалникот беше запрено од моментот кога започна предизборниот молк.

Форматот на онлајн прашалникот беше во целосна согласност со методологијата на студијата и етиката на професионалното истражување. Сите учесници кои не одговориле во која изборната единица спаѓаат, биле утврдени од истражувачкиот тим по место на живеење.

**Резултати**

На прашањето дали се членови на некоја политичка партија, 174 учесници одговориле да, додека мнозинството од 390 одговориле не. Во други алтернативи како „Сум бил некогаш" одговорија 39 учесници, 15 дека планираат да се приклучат и 22 не одговорија на ова прашање (Табела 1). Бројот на Албанци кои не се членови на ниту една политичка партија е 236, додека 107 се изјасниле да, додека кај Македонците бројот на оние кои не се членови на ниту една партија е 154 и 67 учесници се изјасниле позитивно за нивното членство во политичка партија.

***Табела 1. Членство во политичка партија***

| | N | % | Valid % |
|---|---|---|---|
| Дао | 174 | 27.1 | 27.2 |
| Не | 390 | 60.8 | 60.9 |
| Сум бил некогаш | 39 | 6.1 | 6.1 |
| Планирам да се зачленам | 15 | 2.3 | 2.3 |
| Не одговарам | 22 | 3.4 | 3.4 |
| Total | 640 | 99.8 | 100.0 |
| Не пополнети | 1 | .2 | |
| Total | 641 | 100.0 | |

Во врска со тоа каде најмногу ги следат настаните од изборната кампања, мнозинството учесници од 285 (44,5%) изјавија дека социјалните мрежи (портали) се местото каде што најчесто се информираат и ја следат изборната кампања, на второ место има 174 кои воопшто не ги следат, додека 69 ги следат на ТВ дебати, 56 од ТВ вести и 25 на партиски митинзи. 6 учесници не сакаа да одговорат на ова прашање (графикон 2.).



***Графикон 2. Извори на следење на кампањата***



***Графикон 3. Извори на следење на кампањата – македонски испитаници***

Од графичките податоци може да се види дека следењето на кампањата меѓу Албанците и Македонците е многу слично, односно социјалните мрежи се поизразени, но се забележува значителна разлика во одговорот дека тие не ја следат кампањата. Поточно, Македонците во поголема мерка (35,08%) изјавија дека не ја следат кампањата на парламентарните избори во 2020 година (графикон 3).

Во продолжение се презентирани податоците од субјектите кои изјавиле дека ја следат изборната кампања.

Во врска со употребата на говор на омраза од страна на политичките партии (прашање со повеќе можни алтернативи), се изјаснуваат на прво место со повеќе одговори, дека говорот на омраза најчесто се манифестира во објавите/коментарите на социјалните мрежи (275 одговори), во дебатни емисии (244 одговори), (221 одговори) за портали, (109 одговори) за ТВ реклами и (122 одговори) за спотови (ТВ, youtube, социјални мрежи). Дадени се 25 одговори дека не забележале говор на омраза (табела 2). Како што може да се види на Табела 3, учесниците

известуваат дека најчесто забележувале говор на омраза врз основа на партиска ориентација (387) како и врз етничка основа (226).

***Табела 2. Употребата на говорот на омраза од страна на политичките партии сум ја забележал***

| | N |
|---|---|
| Дебатни емисии | 244 |
| Портали | 221 |
| Објави/коментари во социјалните мрежи | 275 |
| Реклами на ТВ | 109 |
| Спотови (ТВ, youtube, социјални медиуми) | 122 |
| Не сум забележал | 25 |

***Табела 3. За време на кампањата, говорот на омраза е ориентиран врз основа на:***

| | N |
|---|---|
| Етничка припадност | 226 |
| Род | 51 |
| Партиска припадност | 387 |
| Религија | 75 |
| Не сум забелажал | 34 |

Употребата на говор на омраза од политичките партии, Македонците изјавуваат дека најмногу ја забележале на социјалните мрежи (115 одговори), додека на второ место се дебатните емисии (81), со 75 споменати места се спотовите а со 77 порталите (табела 3), додека Албанците наведуваат дека најчесто го забележале истото во дебатните емисии со (163 одговори), на второ место се објавите и коментарите на социјалните мрежи (160), додека значителен број исто така избираат

портали (144 одговори), додека 45 се за ТВ реклами и 47 за социјални медиуми и ТВ спотови (Табела 4).

***Табела 4. Употребата на говорот на омраза од страна на политичките партии сум ја забележал во (македонски испитаници)***

| | N |
|---|---|
| Дебатни емисии | 81 |
| Портали | 77 |
| Објави/коментари на социјалните мрежи | 115 |
| Реклами на ТВ | 64 |
| Спотови (ТВ, youtube, социјални мрежи) | 75 |
| Не сум забележал | 4 |

***Табела 5. Употребата на говорот на омраза од страна на политичките партии сум ја забележал во (албански испитаници)***

| | N |
|---|---|
| Дебатни емисии | 163 |
| Портали | 144 |
| Објави/коментари на социјалните мрежи | 160 |
| Реклами на ТВ | 45 |
| Спотови (ТВ, youtube, социјални мрежи) | 47 |
| Не сум забележал | 21 |

Испитаниците кои идентификувале употреба на говор на омраза за време на предизборната кампања во 2020 година, наведуваат дека феноменот бил ориентиран кон партијата, и тоа го изјавуваат и Албанци (240) и Македонци (147) (табела 7&8). Етнички ориентиран говор на омраза е

прогласен повеќе од Албанците (153), додека кај Македонците (73). Истата појава врз основа на пол (39) и религија (47) се забележува повеќе кај Македонците, додека помалку кај Албанците (12 и 28).

***Табела 6. За време на кампањата, говорот на омраза е ориентиран врз основа на***

| | N |
|---|---|
| Етничка припадност | 73 |
| Род | 39 |
| Партиска припадност | 147 |
| Религија | 47 |
| Не сум забелажал | 5 |

***Табела 7. За време на кампањата, говорот на омраза е ориентиран врз основа на***

| | N |
|---|---|
| Етничка припадност | 153 |
| Род | 12 |
| Партиска припадност | 240 |
| Религија | 28 |
| Не сум забелажал | 29 |

Земено во целина, најчестите зборови што учесниците Албанци ги слушаат, како политичките претставници ги опишуваат нивните партиски противници се изразите крадец (64), лажго (28), предавник (23). Македонските учесници најчестиот израз што го слушаат да се користи за време на кампањата за да се опише противник на партијата е криминалец (36) (Додаток 1, Табела 1).

Во врска со прашањето дали ги обвинуваат политичките партии нивните противници за катастрофите што се случуваат во земјата, повеќето

учесници кои ја следат изборната кампања од 263 (41%) изјавуваат дека секогаш и 130 (20,3%) изјавуваат често, дека за време на кампањата се слушаат обвинувања за разни несреќи што и ги донеле политичките противници на државата (табела 8). Според податоците што се прикажани на графиконот, се забележува дека и Албанците и Македонците имаат исто мислење, при што кај македонската страна доминира мислењето „Секогаш“ со 66,05% и кај Албанците 51,15%.

***Табела 8. За време на кампањата, партиите ги обвинуваат нивните политички противници за несреќите што се случуваат во државата***

| | N | % |
|---|---|---|
| Секогаш | 263 | 41.0 |
| Често | 130 | 20.3 |
| Некогаш | 46 | 7.2 |
| Не сакам да одговорам | 21 | 3.3 |
| Никогаш | 7 | 1.1 |
| Total | 467 | 72.9 |
| Без одговор | 174 | 27.1 |
| Total | 641 | 100.0 |

Кога ги обвинуваат своите политички противници за катастрофите што се случуваат во земјата, учесниците (и Албанците и Македонците) како најчесто го издвојуваат обвинувањето за економските тешкотии. Политичките случаи, миграцијата и корупцијата се трите феномени што се издвојуваат од албанските учесници како најчести кога се обвинуваат политичките противници за тешкотиите во земјата. Македонските учесници по економските ги додаваат и потешкотиите со пандемијата „ковид-19“, договорот со Грција (додаток 1, табела 2).

Во однос на употребата на вокабуларот за време на изборната кампања за да се обвинат политичките противници за тешката состојба на нивната етничка припадност, најголемиот број учесници генерално одговориле *често* (180, 28,1%) и *секогаш* (159, 24,8%) дека оваа појава се јавува за време на кампањата. Според графичкиот приказ за разликите меѓу Албанците и Македонците, може да се види дека 19,06% од Албанците тврдат дека политичките партии секогаш ги обвинуваат своите противници за тешката состојба на нивната етничка припадност, додека

Македонците тоа го тврдат со 14,99% (Графикон 4). На ниво на „често“, бројот на Албанци (25,48%) наспроти Македонците (13,06%) е поголем. Општо, во врска со овој феномен за време на кампањата, постојат значителни разлики помеѓу Албанците и Македонците, каде што македонската страна покажува поголемо присуство на согласност (Hi=28.69, df=2, p=.00).




***Графикон 4. Пропорција на испитаници кои перцепираат дека претставниците на политичките партии ги обвинуваат нивните политички противници за тешката состојба на нивната етничка група.***

Колку партиските противници се етикетирани со различни надимци/етикети или навредени на различни начини, вкупно 137 учесници од вкупниот број изјавиле дека секогаш слушале навредливи зборови и различни етикетирања меѓу противниците на партијата, додека 176 или 37% почесто, 106 или 22,7% понекогаш и мал број изјавиле дека никогаш не ги чуле овие зборови со 23 или 4,9%.

Споредбите меѓу Албанците и Македонците во врска со употребата на етикети/надимци и навреди на партиските противници за време на изборната кампања (Графикон 5), покажуваат дека кај Албанците овој вокабулар на политичките партии е подоминантен на сите нивоа на согласност (Hi=31.48, df=4, p=.00).




***Графикон 5. Пропорција на испитаници кои перцепираат дека претставниците на политичките партии се навредувани на различни начини вклучувајќи и етикетирање и надимци.***

Најчестите етикетирања/надимци кои ги забележале албанските учесници се именувањата како крадач, предавник и криминалец, додека македонскуте учесници спомнуваат дека најчесто забележиле етикетирања/надимци предавник, криминалец и “зајко” (додаток 1, табела 3)

Од вкупниот број учесници кои ја следат изборната кампања, повеќето тврдат дека секогаш слушаат обвинувања на партиските противници за национално предавство (187, 40,7%), додека оние кои одговориле со *најчесто* се вкупно 174 или 37,8%, со *понекогаш* 14,3 % и *никогаш* 2,8%. Значајни разлики меѓу Албанците и Македонците се претставени на сите нивоа на согласност за обвинување за националното предавство за време на кампањата, каде со *секогаш* одговориле 21,30% Македонци и 19,35% Албанци, со *често* имаме поголем број Албанци со 28,26% во споредба со Македонците со 9,57 (Графикон 6). Во принцип, вината за националното предавство е полесно пријавена од албанскиот електорат (Hi=56.90, df=4, p=.00).




***Графикон 6. Пропорција на субјекти кои сметаат дека претставниците на политичките партии ги обвинуваат своите политички противници за нелојалност (предавство) кон државата/нацијата***

Учесниците велат дека претставниците на политичките партии ги обвинуваат своите политички противници за предавството на нацијата/државата во врска со промената на државното име и предавството на албанскиот јазик, додека македонските учесници, покрај промената на името, како обвинение за предавство на нацијата/државата ги истакнуваат криминалните акции (прилог 1, табела 4).

Повеќето испитаници известуваат дека политичките партии за време на кампањата се повеќе фокусирани на она што досега не е постигнато (158, 34%) со *потполно* и 151 или 32,5% со *многу* (Табела 9).

***Табела 9. За време на кампањата, партиите се фокусираат на она што досега не е постигнато:***

| | | Албанци | Македонци | N |
|---|---|---|---|---|
| Ни најмалку | N | 32 | 15 | 47 |
| | % од Total | 6.9% | 3.2% | 10.1% |
| Малку | N | 52 | 31 | 83 |
| | % од Total | 11.2% | 6.7% | 17.8% |
| Многу | N | 103 | 48 | 151 |
| | % од Total | 22.2% | 10.3% | 32.5% |
| Потполно | N | 92 | 66 | 158 |
| | % од Total | 19.8% | 14.2% | 34.0% |
| Не одговарам | N | 26 | 0 | 26 |
| | % од Total | 5.6% | .0% | 5.6% |
| Вкупно | N | 305 | 160 | 465 |
| | % од Total | 65.6% | 34.4% | 100.0% |

И кај Албанците и кај Македонците, преовладува мислењето дека за време на кампањата фокусот на политичките партии е на она што досега не е постигнато, каде што Македонците со *потполно* имаме 14,19%, со *многу* 10,32%, со *малку* 6,67% и *ни најмалку* 3,23, додека кај Албанците имаме 19,78%, со *многу* 22,15%, со *малку* 11,18% и со *ни најмалку* 6,88%. Според овие податоци на двете страни за време на кампањата, во повеќето случаи фокусот на политичките партии е насочен кон неисполнување на ветувањата (Графикон 7).

Албанските учесници посочуваат дека претставниците на политичките партии за време на кампањата се фокусираат на она што досега не е реализирано и во најголема мера ги истакнуваат нереализираната инфраструктура, вработувањето и двојазичноста. Македонските учесници во оваа насока посочуваат дека фокусот за нереализација досега е главно на инфраструктурата, ништо реализирано, здравството и членството во ЕУ (додаток 1, табела 5).




***Графикон 7. Пропорција на испитаници кои сметаат дека претставниците на политичките партии за време на изборната кампања се фокусираат на она што досега не е постигнато***

Колку кампањата на политичките партии е насочена кон постапувањето на спротивставените партии, а не кон нејзината изборна програма, резултатите покажуваат дека мнозинството учесници одговориле со *потполно* (226, 48,4%) и *многу* (152, 32,5%), додека со *малку* (57) и *ни најмалку* со 32 учесници (табела 10).

***Табела 10. Кампањата на партиите е повеќе ориентирана кон постапките на противничките партии отколку кон сопствената изборна програма.***

| | | Албанци | Македонци | N |
|---|---|---|---|---|
| Ни најмалку | N | 29 | 3 | 32 |
| | % од Total | 6.2% | .6% | 6.9% |
| Малку | N | 42 | 15 | 57 |
| | % одTotal | 9.0% | 3.2% | 12.2% |
| Многу | N | 106 | 46 | 152 |
| | % одTotal | 22.7% | 9.9% | 32.5% |
| Потполно | N | 128 | 98 | 226 |
| | % од Total | 27.4% | 21.0% | 48.4% |
| Вкупно | N | 305 | 162 | 467 |
| | % од Total | 65.3% | 34.7% | 100.0% |

Врз основа на одговорите дадени од Албанците и Македонците во врска со тоа како кампањата на политичките партии е насочена кон

политичките противници, а не кон нивната програма, постои слично движење од двете страни, каде мнозинството *потполно* и *многу* се согласува (график 8). Според овој деклариран резултат од учесниците, политичките партии во двата табора повеќе се фокусираа на политичките противници за време на кампањата, отколку на нивните изборни програми (Hi=19.63, df=3, p=.00).




***Графикон 8. Пропорција на субјекти кои сметаат дека кампањата на политичките партии е ориентирана повеќе кон постапките на противниците отколку кон сопствената изборна програма***

За време на изборната кампања, повеќето учесници кои ја следат оваа кампања (*Потполно*=165 и *многу*=136), тврдат дека политичките партии им се спротивставуваат на политичките противници без аргументи и конкретни факти за досегашното неисполнување на нивните ветувања (Табела 11).

***Табела 11. За време на кампањата, партиите ги обвинуваат политичките противници без аргументи/факти за (не)исполнување на досегашните ветувања.***

| | | Албанци | Македонци | N |
|---|---|---|---|---|
| Ни најмалку | N | 65 | 12 | 77 |
| | % одTotal | 13.9% | 2.6% | 16.5% |
| Малку | N | 65 | 24 | 89 |
| | % од Total | 13.9% | 5.1% | 19.1% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Многу | N | 71 | 65 | 136 |
| | % од Total | 15.2% | 13.9% | 29.1% |
| Потполно | N | 104 | 61 | 165 |
| | % од Total | 22.3% | 13.1% | 35.3% |
| Вкупно | N | 305 | 162 | 467 |
| | % одTotal | 65.3% | 34.7% | 100.0% |

Одговорите на ова прашање имаат различен изглед кај Албанците и кај Македонците. Постои изразена разлика во одговорите на македонските учесници, каде доминантното мнозинство е насочено кон позитивното согласување дека приговорите меѓу политичките партии се без аргументи/факти (13,92% и 13,06%). Кај учесниците Албанци, нема значителни разлики во првите три нивоа кои се претставени со приближни вредности, со мала разлика со *потполно согласни* 22,27% (Hi=25.43, df=3, p=.00). Општо земено, постојат разлики помеѓу националностите во дадените одговори (графикон 9).




***Графикон 9. Пропорција на испитаници кои сметаат дека претставниците на политичките партии ги обвинуваат своите политички противници без аргументи / факти***

И покрај фактот дека учесниците пријавиле употреба на говор на омраза за време на изборната кампања, на прашањето колку тие самите доживеале говор на омраза, најголемиот број субјекти (167) пријавиле дека воопшто не го доживеале (Табела 12), додека оние што целосно искусен говор на омраза е 118 (25,3%), оние со повеќе (75, 16,1%), додека оние кои малку искусиле со 107 (22,9%)

***Табела 12. Доживување на говорот на омраза***

| | | Албанци | Македонци | N |
|---|---|---|---|---|
| Ни најмалку | N | 110 | 57 | 167 |
| | % од Total | 23.6% | 12.2% | 35.8% |
| Малку | N | 68 | 39 | 107 |
| | % од Total | 14.6% | 8.4% | 22.9% |
| Многу | N | 54 | 21 | 75 |
| | % од Total | 11.6% | 4.5% | 16.1% |
| Потполно | N | 73 | 45 | 118 |
| | % од Total | 15.6% | 9.6% | 25.3% |
| Вкупно | N | 305 | 162 | 467 |
| | % од Total | 65.3% | 34.7% | 100.0% |

Истото мислење е изразено и кај Македонците и кај Албанците, каде што, како што покажуваат податоците, најголемиот број испитаници од 23,55% Албанци и 12,21% Македонци покажуваат дека воопшто не доживеале говор на омраза (Графикон 10). Општо земено, дадените резултати немаат никаква статистичка разлика помеѓу дадените одговори . (Hi=2.26, df=3, p=.518).




***Графикон 10. Пропорција на субјекти кои изјавуваат дека доживеале говор на омраза за време на кампањата***

Дали се реални ветувањата на политичките партии за време на изборната кампања? На ова прашање од мнозинството учесници 169 (36,2%) одговориле дека тие *воопшто не се реални* (табела 13), со *малку реални* имаме 134 испитаници или 28,7%, со *многу реални* 108 (23,1%) и *потполно реални* мал број испитаници 56 (12%).

***Табела 13. Ветувањата на партиите за време на оваа кампања се реални***

| | | Албанци | Македонци | N |
|---|---|---|---|---|
| Ни најмалку | N | 120 | 49 | 169 |
| | % од Total | 25.7% | 10.5% | 36.2% |
| Малку | N | 92 | 42 | 134 |
| | % од Total | 19.7% | 9.0% | 28.7% |
| Многу | N | 66 | 42 | 108 |
| | % од Total | 14.1% | 9.0% | 23.1% |
| Потполно | N | 27 | 29 | 56 |
| | % од Total | 5.8% | 6.2% | 12.0% |
| Вкупно | N | 305 | 162 | 467 |
| | % од Total | 65.3% | 34.7% | 100.0% |

Мислењето на Албанците е понагласено дека ветувањата *воопшто не се реални* (25,70%), додека 19,70% сметаат дека *малку се реални*, 14,13% *многу реални* и 5,76% *потполно реални*. Македонците сметаат дека нема многу разлики помеѓу нивоата на согласност, каде 10,49% сметаат дека ветувањата *воопшто не се реални*, додека 8,99% се *многу* и *малку реални*, додека 6,21% се *потполно реални* (графикон 11). Општо земено, се забележува дека ветувањата на партиите за време на изборната кампања се помалку реални за Албанците. (Hi=11.147, df=3, p=.01).




***Графикон 11. Пропорција на испитаници кои сметаат дека ветувањата на политичките партии за време на оваа кампања се реални***

## Групна доминација и социјална дистанца

Оваа студија, исто така, имаше за цел да најде врска помеѓу склоноста на една етничка група да доминира врз другата и социјалното растојание помеѓу етничките групи во Северна Македонија.

Од вкупно 467 учесници кои ја следеа изборната кампања, степенот на доминација на етничката група над другата е просечен (M=15.70, SD=3.152), со минимум 8 и максимална вредност од 27. Врз основа на вредноста за симетријата на овој феномен, се забележува поизразена негативна тенденција на дистрибуција (Skw = 0,321), што значи дека

повеќето субјекти имаат негативен став кон доминацијата на една етничка група и со дистрибуција во нормалните граници на слободата .05.

Степенот на социјално растојание помеѓу етничките групи резултира со просек (M=13.98, SD=.397), со минимална вредност од 5 и максимум од 20. Дистрибуцијата на вредностите е нормална на ниво од 0,05 и со поголема концентрација на испитаници на позитивната страна на вредностите, односно над просекот (Skw = -. 296). Добиениот резултат значи дека социјалното растојание меѓу албанските и македонските етнички групи е мало и под просекот, односно меѓу етничките групи социјалното растојание не е изразено (Табела 14).

***Табела 14. Описни податоци за доминацијата на групата и социјалната дистанца***

| | | Групна доминација | Социјална дистанца |
|---|---|---|---|
| N | одговор | 467 | 467 |
| | Без одговор | 174 | 174 |
| Просек | | 15.70 | 13.98 |
| Std. Error of Mean | | .146 | .184 |
| SD | | 3.152 | 3.970 |
| Skewness | | .321 | -.296 |
| Std. Error of Skewness | | .113 | .113 |
| Kurtosis | | -.383 | -.525 |
| Std. Error of Kurtosis | | .225 | .225 |
| Minimum | | 8 | 5 |
| Maximum | | 27 | 20 |




***Графикон 12. Дистрибуција на групна доминација***




***Графикон 13. Дистрибуција на социјална дистанца***

Врската помеѓу доминацијата на групата и социјалното растојание се покажува како статистички значајна и има слаб позитивен коефициент (r=0,220, p=0,00), што значи дека како што се зголемува доминацијата на една етничка група над друга, така се зголемува и социјалната дистанца помеѓу етничките групи. Иако имаме не силен коефициент, повторно од статистичка гледна точка, овие две појави се меѓусебно поврзани. (Табела 15).

***Табела 15. Корелација помеѓу доминацијата на групата и социјалната дистанца***

| | | Групна доминација | Социјална дистанца |
|---|---|---|---|
| Групна доминација | Pearson Correlation | 1 | .220** |
| | Sig. (2-tailed) | | .000 |
| | N | 467 | 467 |
| Социјална дистанца | Pearson Correlation | .220** | 1 |
| | Sig. (2-tailed) | .000 | |
| | N | 467 | 467 |

**. Correlation is significant at the 0.01 level (2-tailed).

Анализирајќи ја споредбата помеѓу двете етнички групи македонската и албанската во однос на групната доминација и социјалната дистанца, резултатите покажуваат дека во степенот на групната доминација нема разлики помеѓу Албанците и Македонците (t=-1,02, p=0,306), додека кај

степенот на социјална дистанца етничките групи не резултираат во хомогеност во еднаквоста на варијансата (F=6,54, p=0,01), но резултатот од споредувањето на средствата беше статистички значаен (t=5,732, df=290, p=.00) во корист на Албанците, односно Албанците резултираа во поголема социјална дистанца (M=11,76) во споредба со Македонците (M=9,62).

***Табела 16. Споредба на просекот на групната доминација и социјалната дистанца меѓу Албанците и Македонците***

| | | N | Mean | Std. Deviation | Std. Error Mean |
|---|---|---|---|---|---|
| Групна доминација (a) | Албанци | 305 | 15.59 | 3.111 | .178 |
| | Македонци | 162 | 15.91 | 3.228 | .254 |
| Социјална дистанца (b) | Албанци | 305 | 11.76 | 3.640 | .208 |
| | Македонци | 162 | 9.62 | 4.196 | .330 |

a. t=-1.02,df=465, p=.306
b. t=5.732, df=290, p=.00

## Дискусија и заклучок

Во овој дел од студијата, целта беше да се следи перцепцијата на граѓаните во РСМ за употреба на говорот на омраза за време на кампањата за парламентарните избори во 2020 година. Според исказите на учесниците, значителен дел од нив ја следат изборната кампања на портали/социјални мрежи (44%). Покрај тоа, говорот на омраза најчесто го препознаваат учесниците во постовите/коментарите на социјалните мрежи. Истиот канал на консумирање на информации како пренесувач на говорот на омраза е подвлечен од други автори и во други земји, како употреба на говор на омраза кон малцинства, но исто така и против други категории на маргинализирани групи (Winiewski et al., 2017, Oksanen et al., 2014 година). Социјалните мрежи нудат можност да бидат анонимни и како резултат ја олеснуваат употребата на говор на омраза, бидејќи анонимноста нуди комфорност на неодговорност за изразување омраза, но и поттикнување деструктивни активности. Покрај тоа, Wang (2018) истакна дека анонимноста преку интернет промовира деструктивно однесување. Говорот на омраза за време на оваа кампања, според учесниците, најмногу се евидентира дека е ориентиран врз основа на партиска ориентација, како и врз етничка основа. Наодите одговараат на податоците од истражувањата и другите претходни анализи спроведени

во нашата Република и за време на изборните кампањи (Михајлов и сор. 2014), но исто така и во постизборниот период (Маролов & Стојановски, 2016; Поповска & Стојановски, 2016; Стојановски, 2017 година). Високата перцепција за присуството на говор на омраза од страна на граѓаните по етничка основа, но особено врз основа на партиска ориентација, не само за време на периодот на изборните кампањи, туку и за периодот помеѓу изборите е индикација дека покрај јасна поделба врз етничка основа, исто така, ја зголемуваме и политизацијата на општеството во земјата.

Присуството на говор на омраза за време на изборната кампања за секоја варијанта на истражување го прогласија над половина од учесниците вклучени во истражувањето. Поконкретно, над 60% од испитаниците изјавуваат дека секогаш/честопати ја идентификувале оваа појава преку обвинување на противниците за катастрофите што се случ(ија)уваат во земјата. Над 50% од учесниците исто така изјавуваат дека за време на кампањата е евидентно дека политичките противници се виновни за тешката состојба на припадниците на нивната етничка припадност. Во врска со ова, албанските испитаници во поголем процент, за разлика од Македонците, нагласуваат дека ваквиот феномен е присутен во текот на оваа изборна кампања. Разлики меѓу двете етнички групи има и во врска со присуството на етикетирањето на партиските противници со прекари. Во овој поглед, повторно, процентот на учесници Албанци, за разлика од Македонците, е поголем во однос на потенцирање на присуството на употреба на етикети за време на оваа кампања. Разликите во „корист“ на истата етничка група продолжуваат да бидат очигледни дури и за обвинување на политичкиот противник за национално/државно предавство. Учесниците како целина изјавуваат дека обвинувањата изнесени од претставниците на политичките партии за противниците се неиздржани и не се засноваат на факти.

Според учесниците во студијата, оваа кампања се карактеризира и со говори кои главно се фокусираат на неспроведување на досегашните активности. Овој феномен е издвоен како потполно/често присутен од околу 60% од испитаниците. Уште поголем процент на испитаници (околу 80%) наведуваат дека за време на оваа кампања наративот на претставниците на политичките партии се фокусира на постапките на опозициските партии, а не на нивната изборна програма.

Значителен дел од учесниците (околу 36%) изјавуваат дека досега никогаш не искусиле, односно не биле жртва на употреба на говор на омраза, но малку поголем е процентот на учесници кои велат дека биле жртви на злоупотреба на говор на омраза (околу 40%).

Учесниците исто така изразија загриженост за (не) пожелноста да имаат различни односи со припадници на македонска/албанска етничка група. Податоците покажуваат мала социјална дистанца на двете етнички групи едни со други. Наодите од другите студии спроведени во земјата (Поповска & Стојановски, 2016) се индикативни дека со текот на годините, меѓусебната социјална дистанца помеѓу Албанците и Македонците има тенденција да се намалува.

**Референци:**


1. Bilewicz, M., Soral, W., Marchlewska, M., & Winiewski, M. (2017). When authoritarians confront prejudice. Differential effects of SDO and RWA on support for hate-speech prohibition. *Political Psychology*, *38*(1), 87-99
2. Bilewicz, M. & Soral, W. (2020). Hate speech epidemic. The dynamic effects of derogatory language on intergroup relations and political radicalization. *Political Psychology*, *41*(1), 3-33
3. Fischer, A., Halperin, E., Canetti, D. & Jasini, A. (2018). Why we hate. *Emotion Review, 10(*4), 309-320.
4. Halperin, E. (2008). Gorup-based hatred in incratable conflict in Israel. *Journal of conflict resolution, 52(*5), 713-736
5. Hawdon, J., Oksanen, A., & Räsänen, P. (2017). Exposure to online hate in four nations: A cross-national consideration. *Deviant behavior*, *38*(3), 254-266
6. Маролов, Д. & Стојановски, С. (2015). ГОВОР НА ОМРАЗА НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. Превземено од http://eprints.ugd.edu.mk/16997/15/govo%20na%20omraza.pdf
7. Meza, R., Vincze, H. O., & Mogoș, A. (2018). Targets of Online Hate Speech in Context. A Comparative Digital Social Science Analysis of Comments on Public Facebook Pages from Romania and Hungary. *East European Journal of Society and Politics*, *4*(4), 26-50
8. Mondal, M., Silva, L. A., & Benevenuto, F. (2017, July). A measurement study of hate speech in social media. In *Proceedings of the 28th acm conference on hypertext and social media* (pp. 85-94).

9. Oksanen, A., Hawdon, J., Holkeri, E., Näsi, M. J., & Räsänen, P. (2014). Exposure to online hate among young social media users. *Sociological Studies of Children and Youth*,18, 253-273
10. Oksanen, A., Kaakinen, M., Minkkinen, J., Räsänen, P., Enjolras, B., & Steen-Johnsen, K. (2020). Perceived societal fear and cyberhate after the November 2015 Paris terrorist attacks. *Terrorism and Political Violence*, *32*(5), 1047-1066.
11. Поповска, Ж. & Стојановски, С. (2016). Истражувачи извештај: влијанието на стереотипите и етничката дистанца за појава на дискриминација, говор на омраза и криминал од омраза. Организација за безбедност и соработка во Европа, Мисија во Скопје.
12. Стојановски, С. (2017). *Говорот на омраза на интернет и социјалните мрежи.* Стручно списание „Правен дијалог“, 14. pp. 19-25. ISSN 2915-4389
13. Wang, Z. (2018) Anonymity Effects and Implications in the Virtual Environment: From Crowd to Computer-Mediated Communication. *Social Networking*, 7, 45-62. https://www.scirp.org/journal/paperinformation.aspx?paperid=81714
14. Winiewski et al. (2017). Contempt speech, hate speech. Report from research on verbal violence against minority groups. Received from: https://www.ngofund.org.pl/wp-content/uploads/2017/02/Contempt_Speech_Hate_Speech_Full_Report.pdf

# ТАКА ЗБОРУВАА ТИЕ: ГОВОР НА ОМРАЗА ЗА ВРЕМЕ НА ИЗБОРНА КАМПАЊА

**Шерузе Османи Балажи, Хана Салиу, Хана Мемеди**

Употребата на говор на омраза во изборните кампањи од страна на лидерите, како и претставниците на политичките партии е очигледна во скоро секоја земја. Ваквиот феномен не го игнорираат ниту најдемократските земји, згора на тоа, се среќава во земји кои ја промовираат и се промотори на демократијата. Говорот што содржи поделба на поединците во категории засновани на нивното членство во групата вклучува реакција, акција кон нив и нивниот третман како членови на одредена група, а не како индивидуи. Ако понатаму се додадат дополнителни нијанси и флоскули на дискриминација, омраза, и клевета, може да се предизвика нетолеранција, но и злосторства од омраза. Таквиот феномен е постојано присутен, а ваквите примери се очигледни во различни земји. Во нашиот регион, во не премногу далечното минато, имаме пример за геноцид во Босна и Херцеговина (Пехар, 2019). Кога јавните личности, со влијание и склоност кон водечки позиции во земјата, користат говор на омраза и успеваат да заземат такви позиции, тие овозможуваат говорот на омраза да се материјализира во деструктивни активности. Edwards & Rushin (2018) откриле дека употребата на воспалителен јазик во предизборната кампања во САД го зголеми бројот на злосторства од омраза, особено изборот на корисник на говор на омраза како претседател ги охрабри сторителите да прават погрдни дела. Но, зошто некои земји, и покрај уредувањето на државниот правен систем и идеолошката ориентација, се повеќе склони кон присуство и почеста и поинтензивна употреба на говор на омраза? Авторите издвојуваат заеднички елементи во различни општества кои се катализатори на говорот на омраза. Поточно, карактеристиките на одредено општество и култура кои доведуваат до појава и употреба на говор на омраза, Staub (1989) ги разликува во три групи (според Fischer et al.2018). Тешки услови за живот, големи економски проблеми, политика, насилни институции, криминал се елементите што го олеснуваат појавувањето на омраза. Второто групирање има врска со крутоста на општеството, кое има улога на инхибитор во промената на традиционалните вредности. Авторот

понатаму посочува дека со цел да се зачуваат традиционалните вредности во несигурни ситуации, се користи говор на омраза преку обвинување на надворешната група како причина за проблемите на сопствената група. Според авторот, национализмот, слепо почитување на авторитетот и бавниот напредок на обезвреднувањето на надворешната група се карактеристики на третата група која развива говор на омраза во општеството.

Омразата за време на изборната кампања резултира со придобивки, но исто така промовира политичка нетолеранција. Политичката нетолеранција е спротивна на демократските вредности, еднаквите политички права и можности. Според Gibson (2011), политичката толеранција бара сите политички идеи да имаат еднаков пристап и простор на пазарот на идеи со цел законски да се прошири идејата што преовладува во системот, но не сè да биде одлучено/кажано во било какви околности. Со други зборови, изразувањето на каква било форма на насилство е исклучено. Повеќе, Capelos & van Troost (2012) документираат дека политичката толеранција не е само прашање на информации и политичко опкружување, туку е прашање на вредности и просудувања што луѓето ги имаат за групите и членовите на групите во општеството. Политичката толеранција бара поставување на политичките активности на мегдан од страна на политички групи кои имаат спротивставени идеи. Ова значи дека сите идеи не треба да бидат цензурирани, туку треба да бидат слободни. Да се прифатат и почитуваат различните ставови. Секако, оваа толеранција значи дека слободата на говорот треба да има содржина што вклучува почитување на членовите на надворешната група а не презир и омраза. Она што е јасно е дека изразувањето на овие слободни идеи содржи и одговорност за зачувување на правата на другите.

Омразата за време на кампањата може да ги натера индивидуите да ја сменат својата почетна позиција и поддршка на политичките партии. Во исто време, омразата за време на кампањата се користи за создавање единство, хомогеност и солидарност во рамките на матичната група, како и да донесе политички придобивки. Политичката придобивка оди кон зголемување на бројот на гласачи со добивање информации за време на изборната кампања. Halperin и сор. (2012) во една студија со израелски испитаници, покажа дека кога учесниците стекнале политичко знаење за

време на кампањата (во оваа студија конкретно знаењето било за ориентацијата на партиите - демократски или десничарски, како и знаење за политичари кои се ориентирани да го унапредат политичкиот план за „размена на територии“ меѓу Израел и Палестина) ја намали идентификацијата со почетната партија и како резултат според авторите ова доведува до промена на одлуката за гласање. Затоа, не е невообичаено да се најде говор на омраза во изборните кампањи, како и пароли користени за време на изборните кампањи. Содржината на радикален и агресивен говор на омраза доведува до општо радикализирање и зголемување на поддршката за партиите што промовираат радикални пароли (Winiewski et al. 2017). Кога оваа содржина поттикнува страв во јавноста преку презентирање на противникот како закана за групата, тогаш политичката нетолеранција и групното единство и хомогеност се поголеми (Stitka et al, 2004; Gibson, 2011; Halperin et al., 2012). Со други зборови, говорот на омраза е ориентиран да резултира со поддршка од десничарските партии (Mihajlov и сор. 2014) како и да сочувствуваме со националистичките партии, особено кога сегашната омраза водена од кампањата е голема (Winiewski et al. 2017; Halperin et al., 2012;). Во оваа насока се и податоците од истражувањето на Winiewski et al. (2017) со млади од Полска. Учесниците во истражувањето изразија поголема поддршка за партиите што промовираат национално единство и се спротивставуваат на мултикултурализмот. Според авторот, ова е резултат на фактот дека младите луѓе ги привлекуваат партии кои нудат едноставни решенија за стравовите и општите социјални проблеми.

Кога говорот на омраза постојано се користи, тој станува дел од секојдневниот живот, прифатен од поединци и станува дел од нормалноста. Што е тоа што придонесува употребата на говор на омраза да се пренесува меѓу поединци и неговото ширење да биде лесно? Според Fischer и сор. (2018) три фактори влијаат на ширењето на омраза на интергрупно ниво. Првично, омразата е споделена меѓу членовите на матичната група. Особено кога меѓугрупните односи се напнати, членовите на групите шират колективни наративи за матичната група, но исто така и за надворешната група. Вториот фактор што овозможува ширење на говор на омраза е зачувување на колективната виктимизација помеѓу генерациите. Во исто време, според минатото искуство, се прави

проценка на идните настани и се потврдува чувството дека станува збор за хомогена надворешна група која има тенденција да има лоши намери кон сопствената група. И трето, лесното ширење на говорот на омраза го прави фактот на недостаток на лични интеракции на оној што мрази со надворешната група или со членовите на омразената група. Присуството на горенаведените фактори предизвикува употреба, ширење и зачестување на говорот на омраза во групата. И кога имаме честа употреба на тоа, чувствителноста на говорот на омраза кај поединците се намалува. Понатаму, ова ќе доведе до создавање на нова норма и на граѓаните им останува да го перцепираат говорот на омраза како нормален и легитимен. Soral, Bilewicz & Winiewski (2018) во експериментална студија откриле дека постојаната изложеност на говор на омраза доведува до прифаќање на говорот на омраза како дел од секојдневниот живот и го намалува нивото на чувствителност кон истиот. Поточно, во нивната студија, за разлика од учесниците кои биле изложени на негативна содржина а не на говор на омраза кон малцинствата, учесниците кои биле постојано изложени на говор на омраза кон малцинствата биле помалку чувствителни на употреба на погрден јазик, изразиле поголема социјална дистанца кон малцинствата како и посилно поддржана антиимиграциска политика и груб третман на имигрантите. Кон истиот заклучок водат и податоците на Winiewski и сор. (2017). Како надополнување, нормализацијата и легитимирањето на употребата на говор на омраза служи и за подготовка на членовите на групата да ги оправдаат и одобрат можните дискриминаторски и насилни активности против целта.[10]. Особено, таков легитимитет му се дава на феноменот кога доаѓа од важни и влијателни фигури како што се политичките лидери (Bilewicz & Soral, 2019). Социјалните норми се менуваат, особено за време на социјалните промени. И изборниот период во едно општество е потенцијален преоден период за промени. Употребата на говор на омраза во општество од јавни личности како што се политичари, а особено, за време на периодот на изборната кампања, период што доведува до промени и на тој начин одразува еден период на нестабилност, се претставува како добра „можност“ за создавање на нови норми., норми засадени за време на изборната кампања. Таквите норми

[10] Поимот целна група во овој труд се користи за надворешната група, или групата кон која е насочен говорот на омраза.

што произлегуваат од говорот на омраза создаваат/зајакнуваат предрасуди кон целната група, и понатаму тие резултираат во непријателски став кон целната група, социјална дистанца, дискриминација и предрасуди (Crandall, Eshleman O'Brien, 2002). Со други зборови, изборните кампањи покажуваат дух на подобрување или влошување на меѓугрупните односи во едно општество во зависност од вокабуларот што го користат во кампањата од страна на властите, односно политичарите и нивното присуство (говорот на омраза) во преодната состојба на едно општество. Употребата на говор на омраза како нова норма подразбира непридржување кон општествените норми кои содржат почитување на интегритетот на надворешната група. Winiewski и сор. (2017) потенцираат дека колку повеќе населението е изложено на говор на омраза, толку повеќе ги ценат однесувањата што ги кршат социјалните норми како поволни. Покрај тоа, поттикнувањето страв и одбивност како дел од говорот на омраза ја намалува подготвеноста да и се помогне на целната група и ја зголемува поддршката за употреба на насилство и државен прогон (Winiewski и сор. 2017).

Говорот на омраза е претходник на социјалните движења во смисла на поттикнување насилство, конфликти. Најочигледна експлицитна форма на говор на омраза се артикулира преку дехуманизација која се реализира преку метафори. Метафорите се ефикасни за дерогирање на членовите на целната група бидејќи со нивно користење е можно да се дефинираат множество квалитети / карактеристики на поединецот/групата преку еден збор или фраза. Rakić и Maas (2018) нагласуваат дека метафорите се моќна алатка за опишување на социјалните групи благодарение на нивната ефикасност и живост. Тие служат да направат еден апстрактен концепт разбирлив преку споредба со конкретен концепт, како и да успеат да ја стимулираат нашата имагинација за да бидеме поживописни. Haslam (2006), разликува дехуманизација во две форми. Една од формите се изразува преку негирање на уникатните човечки карактеристики. Со други зборови, за време на овој вид дехуманизација, на противниците им се чини дека немаат човечко совршенство, спознание, цивилизација и морална чувствителност. Тие се опишани како груби, некултурни, немаат самоконтрола и имаат недостаток на интелигенција. Се смета дека нивното однесување не е посредувано од когнитивни процеси,

размислување, туку главно нивното однесување е водено, поттикнувано од мотиви, апетити и инстинкти. Овој вид на перцепција и опис на другиот не ги прави луѓето многу поразлични од животните, тие експлицитно или имплицитно ги гледаат своите противници како животни.

Втората форма на дехуманизација според Haslam (2006) се среќава при негирање на човечката природа на противникот. „Другите" се перципираат како индивидуи со недостаток на емоционалност, ригидност и тоа ги прави инертни и студени. Исто така им е одбиена когнитивната отвореност како што се љубопитноста, флексибилноста и опишани се како крути. Им се припишува пасивност и опишани се дека нивното однесување е предизвикано од други интереси, а не водено од лична волја. Сето ова доведува до тоа поединците да бидат перципирани како предмети. Според авторот, негирањето на единствените карактеристики на човекот е претставено во меѓугрупна споредба, додека карактеристиките на човечката природа се припишуваат на меѓугрупните и меѓучовечките односи. Дехуманизацијата е јасна и експлицитна форма на говор на омраза но важно е да се идентификува и помалку очигледниот, имплицитен говор на омраза. Враќањето во минатото обвинувајќи ја „другата" група за предавство, неписменост, тековна или историска несреќа на земјата / нацијата, доведувајќи го во прашање легитимитетот и способностите на противниците, нудејќи деструктивни, нереални, ексклузивни решенија се некои од начините да се изрази омраза помалку видлив (Vollhardt и сор., 2007). Овој начин на омраза промовира емоции што водат кон дејства во најмала рака на избегнување, дистанцирање од „другата" група, но исто така подготвува терен за градење омраза, што значи и најслободно изразување на експлицитна омраза. Со оглед на тоа дека јазикот на имплицитна омраза е ист како и негативното влијание врз општеството, неговото идентификување ќе придонесе за спречување на појава на експлицитна омраза. Употребата на говор на омраза за време на изборните кампањи е евидентна во нашата Република (Mihajlov и сор. 2014). Но, со оглед на важноста и влијанието на имплицитниот говор на омраза, целта на оваа студија е да се пронајде употребата на говорот на омраза, вклучително и имплицитниот што го користеа претставниците на политичките партии за време на кампањата за парламентарните избори во 2020 година.

**Методологија на истражувањето**

Целта на студијата е да се идентификува и опише видот на говорот на омраза што се користи на средбите со граѓаните од страна на претставници на политички партии за време на предизборната кампања за парламентарните избори во 2020 година во Република Северна Македонија.

Во анализата беа користени квалитативни методи со априори пристап. Говорите на митинзите на претставниците на политичките партии пред граѓаните беа материјал за анализа на содржина за идентификување на говор на омраза. Од вкупно 15 коалиции и партии кои се натпреваруваа на парламентарните избори во 2020 година во РСМ, избрани се пет коалиции и најголемите партии во земјата кои во последниот парламентарен состав (2016-2020) се застапени во парламентот на РСМ. Партиите/коалициите вклучени во оваа анализа се: ДУИ (Демократска унија за интеграција); Коалиција "Можеме" како носечак партија СДСМ (Социјал демократски сојуз на Македонија) и Движењето Беса; Коалицијата "Обнова" со носечка партија ВМРО-ДПМНЕ (Внатрешно македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство); Коалицијата АА-А (помеѓу партиите Алеанца за албанците и Алтернатива); ДПА (Демократска партија на Албанците). Според етничкиот состав, една коалиција и две политички партии се моноетнички. Другите две коалиции се составени од партии со различен етнички состав. Вреди да се издвои еден од нив (Коалицијата "Можеме"[11]) што за прв пат се создава помеѓу двата најголеми етникуми во земјата, македонскиот и албанскиот.

Присуството на говор на омраза на митинзите на политичките партии за време на парламентарните избори беше анализирано по категории: I. Форми на прикажување на дехуманизација; II. Комуникација со содржина на елементи што поттикнуваат постојано насилство; III. Навредлива комуникација; IV. Содржини што нудат нереални и

[11] Коалицијата „Можеме" содржи партии од други етникуми во земјата, како и од ромска, бошњачка и турска националност. Коалицијата „Обнова" предводена од партијата ВМРО-ДПМНЕ исто така содржи партии што ги застапуваат интересите на различните етнички заедници во земјата како што се тие на Турците, Ромите, Србите, Власите, Бошњаците...

неконструктивни решенија. Категориите и подкатегориите за анализа на материјалот се претставени во Табела 1.

***Табела 1. Категории и подкатегории***

| | **Категорија** | | **Подкатегорија** |
|---|---|---|---|
| 1 | Дехуманизација | 1.1 | Животинска |
| | | 1.2 | Механичка |
| 2 | Комуникација со содржина на елементи што поттикнуваат постојано насилство | 2.1 | Поделба на НИЕ и ВИЕ |
| | | 2.2 | ТИЕ се обвинуваат за национална нелојалност |
| | | 2.3 | ТИЕ се обвинуваат за несреќите на државата/нацијата |
| 3 | Навредлива комуникација | 3.1 | Ставање под прашање на легитимноста и способностите на на противниците |
| | | 3.2 | Презентирање на небалансирани аргументи |
| | | 3.3 | Лични навреди. |
| 4 | Содржини што нудат нереални и неконструктивни решенија | 4.1 | Фокусирање на индивидуата а не на појавата |
| | | 4.2 | Фокусирање на изворот на проблемите а не на реални решенија |
| | | 4.3 | Решенијата не се инклузивни |

## Реализација и истражувачка етика

Податоците за оваа студија беа собрани од 26 јуни до 13 јули 2020 година. Видео материјалите беа транскрибирани од работна група од 6 лица, кои беа обучени однапред за текот на работата и начинот на транскрипција. Преписот на говорите е поставен на посебна база на податоци за секое лице од работната група. За време на оваа фаза, на секој препишувач му се гарантира целосна анонимност во однос на препишаниот материјал. Во текот на предизборната кампања, материјалите објавени на официјалните веб-страници и канали на политичките партии беа континуирано транскрибирани. Оваа студија е double blind и препишувачите не беа свесни за целта на студијата.

*Собирањето податоци* беше извршено од видео материјали објавени на официјалните страници на Фејсбук и официјалните канали на политичките партии на Youtube (табела 2). Вклучени во анализата на податоците се вкупно 129 средби со граѓани за време на предизборната кампања, соодветно со вкупно времетраење од 6547 минути или околу 109 часа.

При презентирањето на податоците беа зачувани анонимноста и интегритетот на субјектите на политичките партии, кои беа вклучени во говорите со содржина на омраза и беа заменети во толкувањето и илустрацијата на податоците со симболи X, Y, H, Z, M, O, додека на партиите со C, F, J, P, Q.

Илустрациите презентирани за поткатегориите се оригинални во истата форма како што ги кажаа говорниците, без никаква јазична интервенција.

***Табела 2. Извори на материјал за анализа***

| | **Извор на материјалите** | |
|---|---|---|
| | **Официјален фејсбук профил** | **Youtube канал** |
| **ДУИ** (Демократска унија за интеграција) | https://www.facebook.com/BDI002 | https://www.youtube.com/channel/UCFwAPa3DY_VcvQW6wthFqSg |
| Коалиција **ASH-AAA** (Алеанца за Албанците Алтернатива) | https://www.facebook.com/aleancashqiptarett https://www.facebook.com/alternativamkal | https://www.youtube.com/channel/UC4Eb-YmODPqvlGLFszaUZDg |
| Коалиција “Можеме” **СДСМ - Беса** (Социјал демократски сојуз на Македонија - Движење Беса) | https://www.facebook.com/SDSMakedonija | https://www.youtube.com/user/SDSMtube |
| Коалиција “Обнова” **ВМРО-ДПМНЕ** (Внатрешно Македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство) | https://www.facebook.com/vmromakedonija | https://www.youtube.com/user/vmrodpmnemacedonia |

| | | |
|---|---|---|
| **ДПА** (Демократска партија на Албанците | https://www.facebook.com/pdsh.info | https://www.youtube.com/user/PDSHoficiale |

**Наоди на студијата**

**I. Дехуманизација – начини на пројавување**

Во говорите на претставниците на политичките партии во кои фокусот е насочен да ги убедат граѓаните зошто опцијата што ја промовираат е најдобра и дека граѓаните треба да гласаат и да ги изберат токму нив, иако со ретка фреквенција, но феномените на дехуманизација се присутни.

Негирање на човечките карактеристики, ***механичка дехуманизација*** се јавува при споредба меѓу групите. На претставниците на опозициската партија, од иста етничка припадност, им е одбиена когнитивната отвореност и се претставуваат како индивидуи со крути ставови. Рационалното верување на противниците за општествени промени што вклучува политичко и правно зајакнување за целата етничка заедница на која и припаѓаат (говорник и противник) е доведена во прашање. Застарениот начин на размислување, бескорисно размислување за сегашниот контекст се други описи на ривали кои во суштина имаат тенденција да ја негираат когнитивната отвореност. Понудата за политичко раководство на противниците е опишана како резултат на интересот за присвојување на општествен имот и општо добро со вршење на политичка и економска контрола од лични и коруптивни причини а не да се придонесува за зголемување на благосостојбата на заедницата.

Недостаток на развој на човечките квалитети што го карактеризираат човечкото суштество како единствено или ***животинска дехуманизација*** се изразува преку негирање на цивилизираното образование со опишување на другите како недоделкани, глупи, злонамерни, склони кон бељи и неконтролирано однесување водено од инстинкти. Ваквите описи придонесуваат кај масата која што слуша да се поттикнува одвратност и презир кон противниците кои се опишани на тој начин.

На противниците исто така отворено им се припишуваат имиња на нехумани суштества и карактеристики на бактериски видови, чие дејство

е предаторско, го оштетува и уништува редовниот и нормалниот развој на феномените, општествата и човештвото. Најчести видови на дехуманизација се „пандемија“, „вирус“, „хиена“, „ѓавол“, „ѓубре“, „олигарх“, „банда“ итн.

Подолу се претставени некои од изјавите на претставниците на политичките партии кои го илустрираат присуството на механичка и животинска дехуманизација:

> *“Време е да им кажеме не на притисоците... Но, и на градоначалникот на овој град заедно со другите хиени што ги држи околу себе...”*
>
> *“Живееме во една пандемија која не гуши со децении, принудувајќи не да се преселиме...”*
>
> *“Има некои идиоти и копуци кои се ангели преку ден но ѓаволи преку ноќ и прават разни подмолни пазарувања.”*
>
> “*Имаме двојна задача, прво да го победиме корона вирусот, а потоа да го победиме и најголемиот вирус, вирусот на криминал и корупција, а тоа е X*[12]*.”*
>
> “*Тие предизвикуваат штета на екосистемот и биодиверзитетот со цел да профитираат олигарсите на штета на населението.*”
>
> “*Албанците од ова поднебје биле плен и жртви на угнетување …*”
>
> *“Ве молам, што ги поврзува X со Y? Југославија и тероризмот на Y. Y е терорист на Гостивар, на Тетово...”*

## II. Комуникација со содржина на елементи што поттикнуваат постојано насилство

Поделбата на противниците на ***НИЕ*** и ***ТИЕ*** во конкурентски контексти е повеќе од очекувано и природно во вокабуларот на конкурентите. Во јасната поделба помеѓу НИЕ и ТИЕ, диференцијацијата оди кај НИЕ за нагласување на позитивните дела од партиски поединци и од партијата кои се претставени како гордост за

[12] Со цел да се почитуваат интегритетот и достоинството на лицата, имињата на конкретни лица се заменети со буквата X, Y, H, Z, M, O, додека имињата на партиите со C, F, J, P, Q.

лидерот, за приврзаниците/луѓето, но и за презентирање на жртвената позиција на нацијата. Од друга страна, ТИЕ се издвојуваат за штетни дела и незадоволство предизвикано на граѓаните.

> *"Ние како поискусна партија, со повеќе експерти, на нашата платформа ја имаме како приоритет над приоритетите, битката..., битката за закрепнување или за лекување на раните на економијата на Албанците."*
>
> *"Тие се навикнати да се занимаваат со недемократски методи, со неконвенционални методи."*
>
> *"Оние што ги лажат Албанците не заслужуваат да ја добијат довербата на Албанците."*
>
> *„Оние индивидуи предводени од Н, кои ја ограбија Македонија и кои ги уништија сите социјални елементи на државата кои им наштетија на граѓаните, кои уценуваа и уништија бизниси и секој граѓанин на нашата земја."*

Поделбата, именувањето на категоријата „ТИЕ" со поими кои за одредена заедница е синоним за предавство (напр. што припаѓаат на Сојузот, сателити, т.н. албанци/македонски) се користи не само за да се разликуваат „другите" како противници, туку исто така за да се одделат како странска категорија и да се исклучат од матичната етничка заедница. Информациите за политичките активности на противникот се користат за да се категоризираат како странци, да се исклучат од заедничкото етничко потекло, додека нивните дела се оценуваат како предавничко однесување. **Нелојалноста** кон етничката заедница е исто така нагласена со подвлекување на креирањето политики од типот што го применува непријателот, или со прелистување на активности за поддршка и соработка со „другиот", односно непријателот. Пораката до слушателите предизвикува емоционално студенило со тоа што се нагласува дека „ТИЕ" ја понижиле етничката припадност на која и припаѓаат, понижени се, потчинети на другата етничка група, од која добиваат лични добра, но им се должни и им помогнале за остварување на целите на противниците на сметка на матичната етничка група. Во некои случаи, се потенцираат сојузничките акции со непријателот. За да се даде тежина на предавството, ваквите сојузи се прикажуваат како

мрежни. Со други зборови, сојузот со непријателот подразбира непријателство дури и со сојузниците на непријателите. Загубата на слободата на одреден број припадници на етничката заедница е нагласена како резултат на етничката нелојалност на противниците, како резултат на нивните кооперативни активности со „другите“, соработка што им го отежнува животот на граѓаните со нивно ускратување и оневозможување на остварувањето на основните човекови права како што се образование, вработување, здравје и деградирање на квалитетот на животот како целина. Претставувањето на противникот како странец создава негативна гледна точка и слика за противникот што се рефлектира со последици што имаат големо влијание врз општеството и меѓугрупните односи.

Покрај вклучувањето на минатото што содржи нелојалност и што доведува до влошена благосостојба на граѓаните и во економската и социјалната сфера, но исто така и на идентитетот, противниците се обвинуваат и за измама за да ја проектираат иднината со категоризирање на понудата на противниците како измама, нова понуда наменета за прикривање на штетните дела за етничката припадност во минатото.

> *“Зошто Албанците да немаат свој човек за функцијата градоначалник на локалните избори?! Кога објавивме во 2013 година дека ќе се кандидирам за градоначалник, некои сè уште беа скептични, други се обидоа да го минимизираат како сега, но јас пак велам Ние верувавме, веруваме и сега...”*
>
> *“Тогаш ја донесоа новата територијална поделба. Тие ја распарчија, ја поделија и ја уништија Македонија. Меѓу другото, тие ги зедоа Струга и Кичево, но и Тетово и Гостивар...”*
>
> *“Денес оние од „сојузот“и други скептици ги потсетуваме за некои од нашите најголеми достигнувања…”*
>
> *“Ние како Албанци сме плен на погрешна политика и тоа нè доведе кон словенско-српска и руска политика.”*

Во тенденцијата да се направи јасна разлика помеѓу партиите со различни етнички состави на НИЕ и ТИЕ, се потенцира генезата на

потеклото на етничката група на која и припаѓаат и антиката на матичната етничка група.

Воспоставување на јасна граница меѓу етничките групи, како и обвинување на противниците за поседување голема политичка моќ, што е претставено како неповолно за матичната група, ориентира кон чувството на омраза кон другата етничка страна. Нивниот опис понатаму продолжува како измамници и лажговци со тенденција да создадат мислење дека не треба да им верувате на концептите што ги пласираат. Тие се обвинети за воведување физички ограничувања и отежнување во спроведувањето на наставниот процес, зафаќање работни места. Со цел да се зајакне јазот меѓу етничките групи, наведени се активностите од минатото, грубите меѓуетнички односи и целите на „другата етничка припадност“ се толкуваат како злонамерни, лажни, не искрени и лицемерни. Припадниците на другата етничка група отворено се обвинети за дејствија што доведоа до катастрофа на национално ниво, како што е вооружениот конфликт во 2001 година. Измамата е поим што се користи и за противникот на истата етничка заедница, експлицитно, но исто така и со наведување на подли дејствија, како и со употреба на измама. Разликата помеѓу партиите по етничка основа се прави дури и за мешани коалиции на етничка основа, претставувајќи ги како идни креатори на територијалниот редизајн на земјата, а во некои случаи и уништувачи на државата. Кога предавството и поделбата на државата се проектираат како следно дејство во иднина за противникот, се стимулираат масовниот страв и несигурноста. Чувството на страв и несигурност дејствува во насока на преземање активности со мерки за враќање на безбедноста.

> *“зборуваме за темата во нашата држава, нашата држава, бидејќи јас сум роден тука, татко ми е е роден тука, дедо ми и сите други”*
>
> *“Албанците се тука кога немаше ниту Z. и ниту H. Албанците се тука уште откога Бог ја создаде оваа земја.“*
>
> *“Денес Македонија е на маса. Федерализација, а потоа, на крајот, и нејзино уништување”.*

*“Мојот противник е човекот што го смени името на оваа држава, кој донесе двојазичност и кој тргуваше со историјата”.*

*“Овој типот лицемер кој ги сака гласовите на Албанците и ги гледа Албанците само како гласови е предавство и измама за Албанците”.*

*“Нашиот политички противник, за разлика од нас, нема проблем да ја посрамоти, омаловажува, ограбува нашата држава, ја дели, растура и продава”.*

*“Х не делеше на македонски Албанци, на староседелци и дојденци од Албанија и Косово..., овој концепт има само една цел, а тоа е да го ослабне албанскиот политички фактор и со тоа да ја ослаби нашата позиција во оваа земја”*

***Обвинувањето*** е исто така за предавството при продажба на национални интереси поврзани со националниот идентитет како што се име, национална историја, јазик. Предавството го илустрираат говорниците дури и со децентрализацијата на земјата. Децентрализацијата е претставена како територијална поделба на земјата преку која се внесува чувството на немоќ. Со ова и се наметнува на масата положбата на жртва и на оштетената страна. Во исто време, граѓаните имплицитно се поттикнати да почувствуваат неправда и омраза кон другата заедница која во овој случај е претставена како победник на нивна сметка.

*“Луѓето се чувствуваат... заради промена на името со вековно минато Македонија, заради усвојувањето на двојазичноста каде што треба и каде не треба .... поради продажбата на историјата, ова е горчлива вистина.”*

*“Тие не мора сега да излегуваат со лажни понуди што би служеле само како покритие за дискриминација, недостаток на перспектива и економски развој како покритие за експлоатацијата и угнетувањето што му се прави на Албанецот.”*

*"Одлуката на О. е неприфатлива и непростлива..., одлука за која историјата ќе суди."*

За време на кампањата, метафорите беа искористени и за обвинување на противникот за пристрасност и нееднаков третман на населението за време на претходните влади. Метафора што подразбира пристрасно, поволно и контролирано од противниците судство кое е сублимирано во режимот. Описот на режимот вклучува и криминал, мито, корупција, грабеж на материјални добра, лаги. Нагласена е и продажбата на достоинството и чесноста на граѓаните. Акцентирањето на газењето на достоинството, гордоста, чесноста на граѓаните но и присвојувањето на колективните добра и кршењето на моралните принципи го промовира чувството дека е направена неправда кон нив и се стимулира емоцијата на тага. Тагата се изразува преку агресивни и деструктивни постапки. Со други зборови, поттикнувањето емоции на тага доведува до омраза, но исто така и до преземање деструктивни активности кон „другиот".

*"Сите оние други кои денес продаваат патриотизам или, а всушност даваат приоритет на тендеризмот, затоа не треба да им дозволиме на оние што манипулирале да бараат глас за да направат индивидуални пазарувања"*

*„Можеа, а знам дека тие можат уште повеќе да изневеруваат, уште повеќе да крадат, да донесат повеќе понижување, омаловажување, срам..."*

*"Враќање на режимот, на насилното, корумпирано раководство."*

*"Можеше да донесете правда наместо Луис Витон куферчиња во обвинителството и трас-трас судските одлуки во судството".*

## III. Навредлива комуникација

***Преиспитување на легитимноста, но исто така и способноста*** на поединецот или групата да има политичка моќ и/или тврдење за голема моќ на поединецот/групата му служи на говорникот да оствари политичка корист со цел да ја зголеми личната/групната моќ и со тоа следствено да ја загрози другата група. Употребата на стратегии

што содржат закани против другата етничка страна, со цел да се зголеми личната/групна моќ на говорникот, се евидентира како присутно во говорите на политичките претставници со граѓаните. Набројувањето активности за време на разни конфликти кои предизвикуваат емоции на болка кај слушателот ја поттикнува тенденцијата да се задржи линијата на поделба, како и будењето чувства на омраза кон непријателот (прочитај друга етничка припадност). Тенденцијата за политичка добивка со зголемување на личната и/или групната моќ е исто така претставена за време на списокот на активности што се презентираат како достигнувања на партијата што ја претставуваат, поставена во смисла на тешки достигнувања или како активности што не можат да се постигнат од други политички субјекти. Не недостасуваат директни изјави за незнаење и слабост на политичките противници да преземат активности во прилог на матичната етничка група/државата. Главно, програмата на противникот за подобрување на положбата и благосостојбата на сопствената етничка група се категоризира како празни и не содржајни зборови/говори, додека противниците како деградирани индивидуи, потрошени од повеќе децении политичка активност.

*„Нивните политичари кои се практично потрошени, претерано потрошени, транзициони политичари кои ги гледаме уште од времето на транзиција без нови креативни идеи...”*

*„Во отсуство на програма, цели, капацитет, храброст, луѓе, персонал, излегува со флоскула од овој тип ...”*

*„Другите не знаат, не можат, не се осмелуваат, немаат капацитет да го сторат тоа што X. го подига животниот стандард. “*

*“Ние денес сме членка на НАТО, но ние браќа мора да се бориме за да покажеме дека живееме во мизерија, не смееме да дозволиме X и другите да ни раскажуваат бајки, да ни раскажуваат географија, да ни раскажуваат историја, туку да им кажеме дека вие сте неспособни и имате да одите во опозиција.”*

*“Бевме и продолжуваме да бидеме во милост и немилост на обвинетиот X, и неговите уметници, како што е Y.”*

> *“Јас сум со оние... кои го сменија политичко-правниот статус во Македонија, јас сум со војникот од Куманово, затоа што добро знам дека можеби сте имале и можност да ги повлечете лешевите од фронтот.”*
> *“Ние сме тука кога треба, преземаме одговорност за заедничките судбини за градење на заедничката држава.”*

Следното е информација, прелистрување на настани од минатото кои имаат боја на влошени меѓугрупни односи меѓу двете етникуми и кои главно се доживуваат како триумфални / неуспешни, се користат од говорителите за да се заканат на спротивната етничка група. Насилните настани од минатото исто така се меѓупартиски, истакнувајќи ја агресивната, насилна и деструктивна природа на поединците во опозициските партии.

> *“Додека Албанците во северна Македонија бараат решенија и афирмација во рамките на постојниот политички систем, тие треба да бидат многу задоволни, бидејќи спротивното на тоа, тие знаат каде ги води, се обидоа еднаш и изгубија, да не продолжат да го бараат тоа уште еднаш бидејќи ќе настрадаат дури и со дебакл.”*
> *“И јас ќе кажам отворено, и постарите генерации сигурно знаат, кој е Y. Во времето кога оваа влада покажа моќ со големи полициски и други сили и користеше терористички методи против политичка партија, против градоначалниците и оптшините на оваа партија, а ефектот беше неколку убиени, со десетици и стотици повредени, демонстрација на невидено насилство.”*
> *“Сите наши колеги кои излегоа од тоа Собрание со крвави рани и глави на 27 април, тој што ја напушти дебатата, можеби нема крвави раце, но од тој ден има крваво „лице“.*

Заканата за противникот е индиректно презентирана и со претставување на незаконските дејствија што досега не биле верификувани од

непристрасни субјекти, за кои во име на правдата говорителите се залагаат да ги решат. Со ова се дава до знаење дека противниците ќе завршат во затвори или други законски казни.

> *"И овие услови се создаваат кога раководителите, владата, лидерот ќе се борат против организираниот криминал и корупцијата. Овие псевдокоманданти, измамници и крадци, кои не оставија бизнис без рекетирање и Албанци незаканети, глас нема да им се чуе кога ќе дојдам на власт (прочитај партијата)."*

Со цел да се зголеми личната моќ (читај на водачот), се потенцира унапредувањето на позитивните вредности на матичната партија и истовремено се доведува во прашање водечкиот легитимитет на противниците, потценувајќи ги нивните цели за унапредување на правата на етничката група и/или граѓаните. Во оваа насока, акцентот е ставен на деструктивните активности на противникот во минатото преку механизми кои не се јасно видливи за граѓаните, како на пр. „перење мозок на граѓаните"

Прашањето за вистинските цели на противникот за подобрување на животот на граѓаните е исто така презентирано преку истакнување на големата моќ што ја имаат одредени лица и кои вршат економска и политичка контрола од лични и коруптивни причини.

> *"Државата да биде под заложништво на партијата. И сега ќе и дозволиме на државата повторно да биде наш заложник, иднината да ни ја земаат."*
>
> *"Подели за да владееш вечно. Ова е државата, тоа е партијата што ни испра мозок за да нè врати таму каде што ни нашите баби и дедовци не биле, да не врати во минатото."*
>
> *"Останатите партии, иако се во опозиција, секојдневно водат борба кој ќе биде прв меѓу нив, ние тука веруваме во нашата кауза и визија"*
>
> *"Донесовте на гласање кандидат кој е познат како олигарх од оваа страна и корумпиран и криминализиран бизнисмен."*

*"Го презеде мандатот и продолжи да го развива само нивното богатство, да го развива богатството на нивните семејства, да ги развива насекаде само нивните палати."*

Со цел да се зголеми кредибилитетот на политичката партија, но исто така и да се презентираат обединувачките цели и повикот за грижа за целата етничка група за време на говорите, постои и изнесување на податоци што не можат да се ***аргументираат и поткрепат со факти од други извори***. Обезбедувањето на „факти"содржи инфраструктурни инвестиции и капацитети од кои граѓаните добиваат услуги и кои во основа имаат идеја да укажат на нееднаквоста по етничка основа. Податоците се однесуваат на активности и проекти планирани и делумно реализирани во различни населени места а кои граѓаните немаат можност да ги проверат фактите за идеаторот и креаторот на проекти, но исто така и за политичките акции што се презентираат како штетни за благосостојбата во секојдневието на граѓаните.

*"Ослободи 85 криминалци – ги пушти по нашите улици, да ги ограбуваат нашите домови и да има што повеќе дрога на нашите улици."*

*„... во ниту еден момент тој не беше вклучен во црна кампања против неговите политички противници."*

*„Проектите што беа направени во времето на X, денес тие се горди на тие проекти, а исто така прават и големи политички пропагандни спотови. "*

***Личните навреди*** кои влијаат на интегритетот на поединецот, членови на опозицијата, за измама и нестабилност и кои резултираат со поттикнување негативни емоции кај масите придонесуваат за влошување на меѓугрупните/меѓуетничките односи. Во личните навреди се забележува феноменот на дискредитација на личноста на противниците. Поконкретно, дискредитацијата на личноста е ориентирана во обид да се наруши кредибилитетот на поединецот прикажувајќи ги како ликови кои се идентификуваат со гангстеризмот и мафијата, но исто така и со недостаток на интегритет, идентитет и его. Со дискредитацијата на личноста се постигнува ефект на одбивање на индивидуата која е дискредитирана од заедницата каде што работи.

*“X и Y се оставштина на груевизмот.”*
*“Сè е исто само што Тој не е, наместо Н. сега е М.”*
*„ Ќе ги ослободиме оние кои имаат длабоки корени во партијата Q, во обвинителството, во судството и секаде во институциите. До крај ќе ја ослободиме државата да им припаѓа на граѓаните.”*

## IV. Содржини што нудат нереални и неконструктивни решенија

Стратегиите што се нудат за одржување на квалитетот на животот, надминување на тешкотиите и подобрување на напредокот на животот и животниот стандард на граѓаните ретко вклучуваат список на активности, мерки, планови што влијаат, го допираат и решаваат конкретниот феномен. Ориентацијата кон иднината содржи ***фокус кај индивидуата за да се постигне*** одредена позиција. Подвлекување на раководството на позиција од страна на индивидуа од одредена етничка припадност, без нагласување на важноста на компетенциите и квалитетите што треба да ги координираат лица кои заземаат лидерски позиции и истакнување на конкретната етничка припадност како клучна карактеристика за лидерите на дадената позиција придонесува за трасирање на пат на поделба по етничка основа. Понатаму, за јавноста е нејасно и целосно замаглено кои се придобивките од позиционирањето на поединецот на таа позиција. Таквиот речник што обработува негативни емоции за другата етничка група на масата луѓе што го слушаат говорот, следствено придонесува за влошување на меѓуетничките односи.

*“Нашата историја е доказ, факт дека заедно можеме да постигнеме сè, прв претседател на парламентот и прв албански премиер во северна Македонија во 2020 година.”*
*“Менувањето на X со Y најдобро докажува како паѓаат маските, затоа што нивниот концепт е само политички маркетинг за да се добијат албански гласови.”*

Кога се нудат стратегии за подобрување на квалитетот на животот на граѓаните, се нудат ***едноставни решенија*** кои не ја земаат предвид сложената природа на феноменот. Членството на земјата во ЕУ се нуди како брз изводлив акт, не земајќи ја предвид комплексноста на процесот на членство и влијанието на почувствителните фактори и појави како на

внатрешен, така и на меѓусоседски план. Во иста насока се и понудените решенија за подобрување на квалитетот на образованието, зголемување на платите на наставниците заобиколувајќи и без да се земат предвид економската моќ на земјата и другите интерфеирачки фактори во воспитно-образовниот процес.
Во понудената стратегија за надминување на тешкотиите, што е во служба на говорникот, спаѓа и дискаунтирањето. Дискаунтирањето како механизам се користи за минимизирање на еден аспект од реалноста на другите преку фрази како „никогаш“, „никој“, „никаде“. Преку дискаунтирањето, говорниците не нудат решенија, туку кај слушателите, кај масите само ја поттикнуваат емоцијата на незнаење, непочитување на нивните потреби, непочитување на нив. Како резултат, се актуелизира чувството дека сте повредени, а повредата дополнително доведува до неверување. Со други зборови, се поттикнува недоверба, додека недовербата кон противникот значи придобивка за говорникот.
Не е невообичаено проблемите да се истакнуваат само како постоечки без да се обезбеди конкретен план за тоа како тие можат да се решат, на пример, невработеноста, егзодусот на младите, подобрувањето на условите за живот како целина. Како решение за надминување на тешкотиите, планот и активностите не се нудат, туку се истакнуваат атрибути за членовите на нивната група со тенденција за зголемување на политичката моќ. Во исто време, избраните атрибути не се директно поврзани со унапредување на благосостојбата на граѓаните. Нудењето решенија за нивните тешкотии, на граѓаните им се презентираат крајните достигнувања што претставуваат придобивка од квалитетите на личноста, како што се гордоста и искреноста на граѓаните, но не и начинот на кој тие ќе ја постигнат (вратат) гордоста, искреноста и интегритетот на граѓанинот.

> *„... 50 милијарди евра буџет и немате изградено училиште за Албанците, ниту градинка за Албанците, ниту болница за Албанците.”*
>
> *„Заедно ќе ја изградиме новата политичка сцена на Северна Македонија, како членка на НАТО денес и утре како членка на ЕУ. Цел на нашата мисија. Интеграција, држава за сите, неселективна правда, квалитет на живот до перспектива.”*

*„Не дозволуваме младите да си заминуваат, на младите тука им е местото…”*

*„Политичка опција која ќе ви понуди чест, искреност и гордост.”*

Кога се даваат едноставни решенија кои не ја земаат предвид сложената природа на феноменот, нема двоумење за да се промовираат ***нереални решенија кои исклучуваат***. Во врска со ова, етничката припадност на поединецот се нуди како клучна алатка за решавање на главните граѓански проблеми на национално ниво, вклучувајќи намалување на невработеноста, инвестиции во здравството и културата и зголемување на квалитетот на животот како целина. Решенијата понудени за надминување на одредени проблеми и тешкотии не се сеопфатни. Некои од нив дури експлицитно исклучуваат цел дел од населението што живее во земјата. Се нудат решенија за национални појави, но кои ќе бидат во служба на само една етничка група. Со други зборови, другите етнички групи во Републиката се исклучени од идејата дека може да бидат услужени и да уживаат во вредностите на одредена појава, било да е тоа богатство на земјата, или квалитетни услуги што ги обезбедуваат институциите.

*„Имаме коалиција со чесни луѓе и со семејни луѓе и национално потекло, затоа... гласајте... да и дадете надеж на нашата сакана татковина”.*

*„Правичната застапеност и во државната и во јавната администрација беше катастрофална, додека партиски луѓе беа вработени, партиски телохранители, етничката заедница D. беше заборавена“.*

*„Инвестициите во инфраструктурата, културата, здравството, намалување на невработеноста и квалитетно образование и развој на сите сектори може да се реализираат со премиер. “*

*„Тука во подножјето на Шар планина... Ветуваме дека ќе го ревитализираме. И Тетово и тетовци и сите Албанци насекаде ќе уживаат во тоа. “*

*„Превземаме обврска дека барем еден универзитет да биде на топ 1000 на Шангајската листа. “*

*„Ќе го зајакнам целиот здравствен систем каде што живеат Албанци. Ќе го донесам лекарот и брзата помош каде и да живеат Албанците. “*

Генерално, фокусот е главно на откривање на индивидуата/групата која им предизвикувала тешкотии на граѓаните. Ориентацијата е да се најде/идентификува виновникот за тешкотиите со кои граѓаните се преокупирани во моментов, но не и во третманот, начинот и стратегијата за надминување на тешкотиите.

*„Кормилото на луѓето околу М. кој во здравството, јавното здравје на нашата држава направи пустина, нѐ оставија без лекари, без медицински сестри, нѐ оставија без специјалисти, нѐ оставија со уништено јавно здравје. “... „Затоа денес кога зборуваат за плати и пензии, претпоставувам дека на многу луѓе ова од едното уво им влегува а од другото уво им излегува“*

**Дискусија и заклучоци**

Омразата како алатка што ги тера поединците лесно да ги менуваат своите првични позиции на политичка поддршка (Halperin, et al. 2012) е присутна на митинзите на претставниците на политичките партии со граѓаните за време на предизборната кампања за парламентарните избори во Република Северна Македонија во 2020 година. Присуството на феноменот на говор на омраза варира во митинзите во зависност од политичките партии, како и од видот. Општо, видлив е говорот на доминантна омраза насочена врз основа на партиска ориентација, иако во послаба нијанса, но присутен е и јазикот на омраза врз основа на етничката припадност.

Експлицитниот говор на омраза е јасен, познат на граѓаните во смисла да го идентификуваат за време на говорите и посветувањата на луѓето кон поединци / групи или заедници. Со оглед на тоа дека Република Северна Македонија ги промовира европските демократски вредности и е официјално ориентирана во духот на почитување на човековите права, барем за време на јавни говори, од официјални партиски претставници, се зема предвид односно се внимава при презентација на содржини со омраза. Спротивно на тоа, јасен, експлицитен говор на омраза што е идентификуван преку индикатори за

дехуманизација е присутен за време на предизборната кампања во парламентот во 2020 година на состаноците на политичките партии со граѓаните. Сепак, дехуманизацијата се случува доста ретко на овие состаноци и е водена од противници на политички партии кои припаѓаат на иста етничка група. На противниците главно им е одречена когнитивна отвореност и се претставуваат како индивидуи со крути ставови и застарени мисли. Животинската дехуманизацијата е присутна преку негирање на цивилизираното воспитување и реализација на дејства што се водат од инстинкти. Ваквите описи придонесуваат за масата која што слуша да се поттикнува одвратност и презир кон противниците кои се опишани на тој начин (Halperin, et al. 2012).

Говорот на имплицитна омраза е анализиран преку индикатори кои припаѓаат на категориите на комуникација со содржина на елементи што поттикнуваат постојано насилство, навредлива комуникација како и содржина што нуди нереални и неконструктивни решенија. Овој вид на говор на омраза, имплицитен, помалку видлив има посебна вредност, токму заради нејзината невидливост, а ефектите од истата се корозивни, дестабилизирачки, деструктивни како и самата експлицитна форма. Неговата невидливост го прави да не се истакнува, подвлечен од слушателите, масите, но неговото присуство успева да предизвика негативни емоции кон „противниците", да потхранува, да зајакнува и таа енергија водена од негативни емоции да се канализира барем во ставовите, но, исто така во активности за директно одбивање против „другата страна". Појдовната точка е од јасна поделба на НИЕ и ТИЕ, дури и оваа категорична поделба се прави на партиска основа, но не е изоставена ниту поделбата по етничка основа. Во врска со ова, сите оние кои на некој начин покажаа нелојалност кон националноста/етничката група преку соработка со „другата" етничка група, се „исклучени" од матичната етничка група. Понатаму, меѓуетничката соработка, како и спроведувањето на политичките/правните одлуки во земјата се опишани како акти на предавство. Јасно е дека предавникот е исклучен од групата и е ставен во категоријата „друг". Овој вид јасна поделба по етничка основа е присутна и во македонските и во албанските политички партии. Ваквото позиционирање на партиите по етничка основа едни кон други најмалку ја прави разработката, подготовката на нездрава основа што го отежнува создавањето на вистински меѓуетнички односи во една земја

што ќе го рефлектира мултикултурниот дух на земјата. Поделбата помеѓу НИЕ и ТИЕ е евидентна дури и на партиска основа и тоа главно се однесува на обвинувања за тешката состојба на земјата, односно на граѓаните. Обвинувањето на политичките партии е насочено кон лошо управување со земјата, особено во економскиот и судскиот аспект, што резултира во тешка економска состојба, висока невработеност, бегство на младите од земјата и тешкотии во стекнувањето право преку државните институции.

Говорот на омраза што содржи навредлива комуникација е претежно изразен преку индикаторот: Преиспитување на легитимноста и способноста на поединецот/групата за да се има политичка моќ. Ова исто така придонесува за зголемување на политичката моќ во случаи што ја загрозуваат другата индивидуа/група[13]. Покрај тоа што се доведува во прашање легитимноста, но и способностите на противниците, кон нив насочени се и личните навреди и дискредитацијата на личноста. Во голема мера, тенденцијата на говорите е да се поттикне стравот на граѓаните од противникот. За да избегнеме чувство на страв, тогаш бараме заштита и безбедност. Се подразбира дека оваа заштита и безбедност „слушателите“ ќе ја побараат бегајќи во канџите на партијата на говорникот. Но, кога таквото чувство се зајакнува, друга можна акција не е да бегате, туку да напаѓате. Нападот не секогаш завршува само со вербален напад. Неодамнешното минато покажува дека појавата на таква опасност со поттикнување страв резултирала во деструктивно и агресивно физичко однесување кон противниците, не само етнички, туку и партиски, како што е физичкиот напад врз македонскиот парламент во април 2017 година. Со цел да се зголеми моќноста, се „манипулира“ со матичната група. Покрај тоа, вреди да се напомене дека во некои случаи моќта, легитимноста и способноста на матичната група се зголемуваат со цел да се зголеми политичката моќ. За истата цел, во некои случаи се чини дека матичната група е жртва.

Предложените стратегии кои не даваат реални или конструктивни решенија за проблемите, но кои во суштина се деструктивни и исклучуваат, се исто така здрава основа за имплицитен говор на омраза. Решенија за проблеми што не ја земаат предвид комплексноста на

[13] Секаде каде што не е нагласен поимот за етничка група, поимот група е посветен на обете групи, по етничка и политичка основа.

природата на проблемот, оние кои се ориентирани кон појавата, но самото решавање на појавата значи исклучување на одредена категорија граѓани, понекогаш врз етничка основа, понекогаш врз партиска основа, е силна основа на поделбата во иднина. Како резултат, дури и ако успеат барем делумно да спроведат такви решенија, тие исклучуваат дел од граѓаните, што го поттикнува чувството на тага од неправдата. Не невообичаена форма на изразување тага е агресијата и насилството врз „другиот“.

Покрај тоа, имајќи предвид дека блага хронична омраза може да доведе до сегрегација, диференцијација од „другата“ група, додека силната непосредна омраза може да генерира желба за итно дејствување и подготвеност да се уништи „другата“ група. (Halperin et al., 2012), и интензитетот и видот и формата на говор на омраза што се користи во поднебјето на нашата земја го поткопуваат духот на развој на мултикултурната демократска држава. Омразата е корисна политичка алатка за постигнување солидарност и политички придобивки во групата, но во екстремни форми, омразата може да се претвори во неконтролирана деструктивна сила.

**Референци:**


1. Bilewicz, M. & Soral, W., (2020). Hate Speech Epidemic. The dynamic effects of derogatory language on intergroup relations and political radicalization. *Political psychology, 41(1),* 3-33
2. Capelos, T., & van Troost, D. (2012). Reason, passion, and islam: the impact of emotionality and values on political tolerance. *Political and Cultural Representations of Muslims, 11*, 75-95.
3. Crandall, C. S., Eshleman, A., & O'brien, L. (2002). Social norms and the expression and suppression of prejudice: The struggle for internalization. *Journal of personality and social psychology*, *82*(3), 359-378
4. Edwards, G. S., & Rushin, S. (2018). The effect of President Trump's election on hate crimes. *Available at SSRN 3102652*. Received from: https://papers.ssrn.com/sol3/papers.cfm?abstract_id=3102652
5. Fischer, A., Halperin, E., Canetti, D. & Jasini, A. (2018). Why we hate. *Emotion Review, 10(*4), 309-320.
6. Gibson, J. L. (2011). Political intolerance in the context of democratic theory. In *The Oxford handbook of political science.*
7. Halperin, E., Canetti, D., & Kimhi, S. (2012). In Love With Hatred: Rethinking the Role Hatred Plays in Shaping Political Behavior. *Journal of Applied Social Psychology*, *42*(9), 2231-2256.

8. Haslam, N. (2006). Dehumanization: An integrative review. *Personality and social psychology review*, *10*(3), 252-264.
9. Михајлов, М. и сор. (2014). Говорот на омраза за време на изборната кампања во 2014. Received from: http://progres.org.mk/files/publications/Govorot%20na%20omraza%20za%20vreme%20na%20izbornata%20kampanja%202014.pdf
10. Pehar, D. (2019). "Genocid", "govor mržnje" i "mir kao rat" – od implementacije Dejtonskog mirovnog sporazuma do tvita o Srebrenici od 11. Jula 2018. *Politeia, 9(*18), 27-49.
11. Rakić, T., & Maass, A. (2018). Communicating between groups, communicating about groups. In: Harwood, J. et al. (Eds.) *Language, communication, and intergroup relations. Routledge, New York, pp. 66-97*
12. Skitka, L. J., Bauman, C. W., & Mullen, E. (2004). Political tolerance and coming to psychological closure following the September 11, 2001, terrorist attacks: An integrative approach. *Personality and Social Psychology Bulletin*, *30*(6), 743-756
13. Soral, W., Bilewicz, M., & Winiewski, M. (2018). Exposure to hate speech increases prejudice through desensitization. *Aggressive behavior*, *44*(2), 136-146

Ефектите на говорот на омраза врз меѓугрупните односи, како што се избегнување, дискриминација, стереотипи, се докажани во истражувањата до денес (Greenberg & Pyszczynski, 1985; Mullen & Rice, 2003; Halperin & Gross, 2011; Winiewski et al., 2017; Soral, Bilewicz & Winiewski, 2018). Омразата се развива кога индивидуата е понижена или малтретирана од некого или ако намерно се запрат постапките на индивидуата за да се постигне одредена цел. Таа содржи карактеристики на лутина, понижување, одвратност (Mackie & Smith, 2002; van Zomeren, Postmes & Spears, 2008; Fischer dhe bashautr., 2018) но дефинирана е како емотивен став кој го организира социјалниот свет на поединците при што ја зајакнува врската со членовите на матичната група за сметка на односите со членовите на надворешната група (Halperin et al, 2012). Меѓугрупната омраза е емоција доживеана во име на личната група и емоцијата е насочена кон надворешната целна група. Како и во меѓучовечките односи, така и во меѓугрупните односи, кога членовите на групата ќе согледаат дека нивната група се третира некоректно, неправедно и бива понижувана, тогаш тие доживуваат негативни емоции кон надворешната група и создаваат негативни ставови кон нив (Fischer et al, 2018). Групната омраза помага да се толкуваат настаните, но исто така и трендовите на дејствија што водат кон создавање, но и продолжување на меѓугрупниот конфликт (Halperin, 2008). Benesch и сор. (2018) ги потенцирале сличностите во реториката на политичките лидери користени со месеци и години пред физичкото насилство да ескалира во истите земји. Авторите се фокусираат на опасниот говор како поспецифична категорија од говорот на омраза, кој има можност да инспирира штета или, како што велат авторите, масовно насилство. Опасниот говор сам по себе содржи пет карактеристики (Benesch и сор, 2018). Само пренесените пораки вклучуваат дехуманизација, обвинување (кое содржи колективно оправдување за насилство), закани за интегритетот на надворешната група, обвинувања за напади врз „надворешни лица“ и доведување во прашање на лојалноста кон

матичните групи. Пораките како прва одлика нема да бидат ефективни во отсуство на втората опција, а тоа е публиката. Публиката мора да биде чувствителна на тие пораки од која било причина. Чувствителноста на публиката може да биде од страв од закани од минатото или самата околина во моментов е исполнета со пораки што предизвикуваат страв. Социјалниот и историскиот контекст треба да бидат соодветни на насилството и да придонесат пораките драматично да се разберат. Четвртата карактеристика е во врска со говорникот. Тогаш, кога говорникот или комуникаторот е влијателен, го прави говорот опасен. Неговата/нејзината моќ/влијание може да потекнува од лични карактеристики како што се неговата/нејзината харизма или моменталниот статус на политички лидер. Петтата карактеристика според авторите е присуството на медиумот што ќе ги шири пораките. Нивното пренесување влијае на тоа како ќе се примаат пораките и колку тие ќе го зголемат ризикот од насилство. Сепак, и покрај тенденцијата да се разликува опасниот јазик/говор од говорот на омраза од страна на авторите, во самите карактеристики на опасниот јазик/говор, авторите имаат вградено елементи кои се дел од говорот на омраза. Освен дехуманизација, што е израз на експлицитен говор на омраза, вклучени се обвинувања, кои се закануваат на интегритетот на надворешната група, поттикнувајќи страв од минатото што ја прави публиката чувствителна како некои од типичните карактеристики на имплицитниот говор на омраза. Опасниот јазик/говор го користат политичките лидери со месеци/години пред ескалацијата на физичкото насилство (Benesch и сор, 2018) како ефект, јазикот на имплицитна омраза е мобилизатор на енергија и отвора пат за експлицитна омраза, што има ефект на зголемување на интензитетот на влошување на односите, односно на ескалацијата на физичкото насилство.

Омразата кон надворешната група се изразува, меѓу другото, со етикетирање на групата, но и со давање прекари кои имаат за цел да ја девалвираат групата / нејзините членови. Етикетирањето главно се однесува на стереотипите, со активирање на стереотипите за членовите на групата, а кога тие ќе се повторат се очекува дека ефектот ќе биде да ги зајакнеме нашите верувања за таа група означена со стереотипна содржина. Истражувањата дури покажаа дека содржината на говорот на омраза против одредена група одговара на стереотипите типични за таа

